Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

а Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 18**

**26.12.2014**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Статутарна одлука за измени и дополнување на Статутот на општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Статутарната одлука за измени и дополнување на Статутот на општина Демир Хисар донесена на 27-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 980/1** **Општина Демир Хисар**
**26.12.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**274.**Врз основа на член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа „Службен весник на РМ бр.5/02“ како и во согласност со членовите 161, 162 и 163 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 03/02, 04/05, 7/09 и 16/03“ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржна на 24.12.2014 година донесе

**Статутарна Одлука**
**За измени и дополнување на Статутот на Општина Демир Хисар**

Член 1

Ставовите (2), (3) и (4) во членот 7 се бришат.

Член 2

Во членот 10 после зборот „и во“ зборовите од реченицата се бришат, а на нивно место се додаваат зборовите „ заедница на единиците на локалната самоуправа ЗЕЛС“.

Член 3

Во Статутот на Општина Демир Хисар во главата I-Основни одредби во членот 11 се додава ставот „Меѓуопштинска соработка“, а ставовите 1,2,3,4, и 5 стануваат точки во членот 11

Член 4

После членот 55-г се додаваат членовите 55-д, 55-ѓ, 55-е и 55-ж кои гласат:

Член 55-д

Се формира Комисија за еднакви можности на жените и мажите како постојано тело.
Комисијата се формира со Одлука на Советот на Општината Демир Хисар.

Член 55-ѓ

Комисијата брои три (3) члена, секој член има и заменик.
Мандатот на членовите и замениците членови трае четири (4) години.

Член 55-е

-Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има за задача да се грижи и создава услови за обединување на еднаков третман во остварувањето на правата и слободите на жените и мажите, промовирање и унапредување на еднакви можности во посебните области на опшествениот живот.

-Учествува при креирањето и донесувањето на стратешки документи, особено при креирањето и донесувањето на стратегијата за развој на единицата на локалната самоуправа, донесувањето на буџетот на единицата на локалната самоуправа, статутот, програмата за работа советот на единицата на локалната самоуправа и друго.

-Идентификува и дава предлози за начините на инкорпорирањет и формализирање на принципот на еднакви можности и недискриминацијата во работата на органите на единицата на локалната самоуправа и општинската администрација и

-Се грижи за доследно спроведување на одредбите од Законот за еднакви можности на жените и мажите од областа на еднакви можности и недискриминација, предлагајќи му на советот на единицата на локалната самоуправа мерки и активности во насока на анализа на утврдените состојби во областите во надлежност на единицата на локалната самоуправа.

Член 55-ж

Единиците на локалната самоуправа се должни да опредалат координатор за едакви можности на жените и мажите од редот на државните службеници во единицата на локалната самоуправа.

Делокругот и работата и задачите на координаторот се уредуваат во актот на систематизацијата на работните места на ЕЛС.

Член 5

Во главата V-Организација и работа на органите на општината, по членот 82 се додаваат нови членови кои гласат:

Член 82-а

**СОВЕТ НА МЛАДИ**

Во Општината се формира Совет на млади како советодавно тело на општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината.

Млади се жители на Општината на возраст од 15 до 30 години живот.

Младите од став 1 на оваа одлука можат да бидат избрани за претседател и заменик претседател на Советот на млади на Општина Демир Хисар, само ако се со место на живеење во општина Демир Хисар.

Член 82-б

Одлука за основање на Совет на млади ја донесува Советот на општината врз основа на позитивните законски прописи.

Член 82-в

Советот на млади во општината ги врши следните работи:

-расправа на седниците на Совет на млади за прашања значајни за нивната работа;

-расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општината, а се од интерес за работа на младите;

-предлага на Советот на општината Одлуки, Програми и други акти од значење за младите од општината;

-му предлага на Советот на општината да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми;

-му дава мислење на Советот на општината за конкретните одлуки кои треба да ги донесе;

-соработува во изработката и го следи спроведувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на Општината;

-изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување на Програми за отстранување на настанатите проблеми и подобрување на положбата на младите на локално ниво;

-организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;

-информира и промовира за активностите на Советот на млади;

-ја поттикнува меѓусебната општинска соработка и размена на искуства со младите од другите општини;

-по потреба повикува претставник на Советот на општината на своите седници;

-врши и други работи од интерес за младите.

Член 82-г

Советот на млади брои пет членови.

Кандидатите за членови на Советот на млади ги предлагаат: Невладини организации и Здруженија на млади, ученички совети, студенски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлогот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општината го избира и го разрешува Советот на млади.

Советот на млади од своите редови избира претседател и заменик, согласно Деловникот за работа на Советот на младите.

Член 82-д

Членовите на Советот на млади се избираат на четири години.

Советот на општината може да разреши член на Советот на млади и пред истекот на мандатот на лично барање, ако наполни 30 години живот, ако отсуствува од седниците на Советот на млади и ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

Член 82-ѓ

Советот на млади одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Советот на млади.

Претседателот на Советот е должен да свика вонредна седница на Советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на Советот на млади.

Советот на млади ги донесува одлуките од мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на Советот на младите.

Начинот на работа на Советот на млади поблиску се уредува со Деловникот за работа на Советот на млади.

Советот на млади може да формира постојани и повремени работни тела за потесни кругови на делување, на организирање форуми, трибини и работилници за поедини возрасни групи на млади или за проблеми кои ги згрижуваат младите.

Член 82-д

Советот на млади донесува програма за работа на Советот на млади и ја доставува до Советот на општината за секоја календарска година.

Програмата ги содржи следните активности:

- учество во креирањето и пратењето на локаната програма за работа на младите.
- Соработка со другите советодавни тела во Република Македонија и странство
- Консултирање со организацијата на младите за теми значајни за младите.
- Соработка со телата во општината во политиката кон младите

Програмата содржи и останати активности значајни за работата на Советот на млади и подобрување на положбата на младите.

Програмата за работа на Советот на млади ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на Советот на младите.

Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на младите најкасно до 30 ноември во тековната година, за наредната година.

Член 6

Во членот 105 се додава нов став (3) кој гласи:

Буџетот на општината и ребалансот на Буџетот го носи Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Совет.

Член 7

Во членот 114 се додава нов став (3) кој гласи:

Завршната сметка на Буџетот на општината ја носи Советот на општината со мнозинството гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 8

Во главата Преодни и завршни одредби се бришат членовите 166 и 167.

Член 9

Во истата глава се додава нов член 166 кој гласи:

Статутарната одлука за измени и дополнување на Статутот на општина Демир Хисар влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар и е составен дел на Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02“).

| | |
|---|---|
| **Бр.07-959/4** | **Совет на општина Демир Хисар** |
| **24.12.2014 година** | **Претседател** |
| **Демир Хисар** | **Јосиф Ристевски с.р.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Акционен годишен план за активностите на општина Демир Хисар во областа на енергетската ефикасност во 2015 година**

1.Го објавувам Акциониот годишен план за активностите на општина Демир Хисар во областа на енергетската ефикасност во 2015 година донесен на 27-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| **Бр.08- 980/2** | **Општина Демир Хисар** |
| **26.12.2014 година** | **Градоначалник** |
| **Демир Хисар** | ***Љупчо Блажевски с.р.*** |

**275.** Врз основа на член 132, став 3 од Законот за енергетика (“Службен весник на РМ” бр. 16/11, 136/11 и 79/13), како и член 43, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 24.12.2014 година, донесе

**АКЦИОНЕН ГОДИШЕН ПЛАН**
**за активностите на Општина Демир Хисар во областа на енергетската ефикасност во 2015 година**

## *I. Појдовна основа*

Подобрувањето на енергетската ефикасност на Општина Демир Хисар се заснова на Законот за енергетика и Програмата за енергетска ефикасност на Општина Демир Хисар за период 2013- 2015 година.

Со акциониот годишен план за 2015 година се определуваат мерките за енергетска ефикасност на објекти на локални институции на Општина Демир Хисар.

## *II. Цели*

Основната цел на овој план е да се намали средната специфична потрошена енергија (kwh/m$^2$) за 8,10 %.

## *III. Мерки за остварување на енергетската ефикасност на Општина Демир Хисар*

| Р. бр. | Мерки и активности | Рок | Носител | Предвидени средства | | Вкупно | Заштеда | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Д. Хисар | Други извори | | МКД | KWh/год. |
| 1 | Инсталација на нови прозори во општинската зграда | Јуни 2015 | Општина Д. Хисар | 228.351,00 | / | 228.351,00 | 20.267,00 | 2.706,57 |
| 2 | Изолација на таван во општинска зграда | Јуни 2015 | Општина Д. Хисар | 61.200,00 | / | 61.200,00 | 89.875,00 | 12.002,55 |
| 3 | Инсталација на термостатски вентили на радијатори во општинската зграда | Септември 2015 | Општина Д. Хисар | 13.600,00 | / | 13.600,00 | 90.367,00 | 12.068,22 |
| 4 | Инсталација на нови прозори во СОУ "К.П. Мисирков | Септември 2015 | Општина Д. Хисар | 109.386,00 | / | 109.386,00 | 2.788,00 | 446,02 |
| 5 | Изолација на таван во зграда на ООУ "Гоце Делчев" | Септември 2015 | Општина Д. Хисар | 41.580,00 | / | 41.580,00 | 19.667,00 | 3.146,77 |
| 6 | Инсталација на термостатски вентили на радијатори во зграда на ООУ "Гоце Делчев" | Септември 2015 | Општина Д. Хисар | 92.000,00 | / | 92.000,00 | 141.570,00 | 22.651,20 |
| 7 | Инсталација на нови прозори во зграда на ЈКП "Комуналец" | Септември 2015 | ЈКП | / | 142.140,00 | 142.140,00 | 6.606,00 | 750,65 |
| 8 | Изолација на таван во зграда на ЈКП "Комуналец" | Септември 2015 | ЈКП | / | 54.000,00 | 54.000,00 | 42.375,00 | 4.815,36 |
| 9 | Инсталација на штедливи светилки за улично осветлување | Јуни 2015 | Општина Д. Хисар | 283.593,00 | / | 283.593,00 | 1.719.626 | 260.549,40 |
| | Вкупно: | | | 829.710,00 | 196.140,00 | 1.025.850,0 | 2.133.141,00 | 319.136,74 |

***IV. Финансиски средства за реализација на мерките за енергетска ефикасност на објекти на локални институции на Општина Демир Хисар***

Мерките за енергетска ефикасност на објекти на локални институции на Општина Демир Хисар утврдени со овој План ќе се финансираат од средствата на Буџетот на општина Демир Хисар предвидени за 2015 година и средства од ЈКП "Комуналец" Демир Хисар.

***V. Распоредување на буџетските средства***

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на Општината Демир Хисар.

Дополнителни мерки предлага Комисијата за комунални дејности при Советот на Општина Демир Хисар по барање на Тимот за енергетска ефикасност при Општина Демир Хисар.

***VI. Завршни одредби***

Тимот за енергетска ефикасност при Општина Демир Хисар го следи реализирањето на овој План, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на неговите цели и активности.

Овој План влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Хисар“.

**Бр. 07-959/5 Совет на општина Демир Хисар**
**24.12.2014 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2015 година**

1.Ја објавувам Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2015 година донесена на 27-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 980/3 Општина Демир Хисар**
**26.12.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**276.** Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 11, став 1 од Законот за социјалната заштита (“Службен весник на РМ” бр. 79/2009), како и член 43, став 1, точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 24.12.2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2015 година**

***I Појдовна основа***

Остварувањето на социјалната заштита во општина Демир Хисар во 2015 година се заснова на Законот за локална самоуправа и Законот за социјалната заштита.

Со Програмата поблиску се уредува начинот на остварувањето на социјалната заштита.

***II Цели***

Основните цели на оваа Програма се:

- Обезбедување на активен однос на Советот на општина Демир Хисар кон задоволување на потребите на граѓаните, преку обезбедување на мерки во областа на социјалната заштита;
- Справување со социјалната исклученост на ранливи групи;

***III Мерки и активности во остварувањето на социјалната заштита***

Мерките и активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон помагање и поддржување за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Доделување еднократна парична помош или помош во натура - ова право можат да го остварат лица или семејства кои што се нашле во положба од социјален ризик заради претрпена природна непогода, епидемија, смрт, подолго лекување или друга социјална криза, како и за повремена помош на одделни биолошки семејства кои се грижат за свои членови - лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој или лица со трајна телесна попреченост, за задоволување на потребите за овие лица.

| Ред.бр. | Активности | Рок | Носител | Предвидени средства | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Д. Хисар | МТСП | Други извори | |
| 1 | Еднократна парична помош или помош во натура | 12 мес. | Општина Д. Хисар | 300,000,00 | / | / | 300.000,00 |
| | Вкупно: | | | 300,000,00 | | | 300,000,00 |

***IV. Финансиски средства за социјална заштита***

Мерките и активностите во остварувањето на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на општина Демир Хисар предвидени за 2015 година.

***V. Распоредување на буџетските средства***

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на општината Демир Хисар, со напомена дека овие средства во зависност од опфатот на правата во текот на годината може да се менуваат согласно со Одлука на Совет на општина Демир Хисар.

Дополнителни проекти ќе предлага Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Демир Хисар.

***VI. Активности поддржувани со други форми на активности***

Во општина Демир Хисар делуваат здруженија на граѓани чија основна цел е социјализација на маргинализирани групи. Општината Демир Хисар ќе ги поддржи нивните напори за отворање на клубови и ќе вложи напори да обезбеди соодветен простор за нивно делување.

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на општина Демир Хисар се:

- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината:
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на општина Демир Хисар.

***VII. Завршни одредби***

Комисијата за општествени дејности го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Хисар".

**Бр. 07-959/6**
**24.12.2014 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2015 година**

1.Ја објавувам Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2015 година донесена на 27-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 980/4**
**26.12.2014 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
***Љупчо Блажевски с.р.***

***277.*** Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа (вСлужбен весник на РМг бр. 5/02), член 22а од Законот за спорт (вСлужбен весник на РМг бр. 29/02 и 66/04), како и член 43, став 1, точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (вСлужбен гласник на општина Демир Хисарг бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 24.12.2014 година, донесе

ПРОГРАМА
за активности на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2015 година

***I. Појдовна основа***

Остварувањето на активностите во областа на спортот и младите во општина Демир Хисар во 2015 година се заснова на Законот за локална самоуправа и Законот за спорт.

Со Програмата поблиску се уредува начинот на остварувањето на активностите во областа на спортот и младите

***II. Цели***

Основни цели на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт, млади и подршка на НВО секторот во 2015 година се:

1. Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани.
2. Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско рекреативниот живот во општината Демир Хисар.
3. Афирмација на општина Демир Хисар во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

***III. Активности***

При креирањето на Програмата општина Демир Хисар ги имаше во предвид и предлозите на граѓаните и здруженијата на граѓани согласно член 22а од Законот за спорт ("Службен весник на РМ" бр.29/02 и 66/04 год.)

За реализирање на целите на оваа Програма општина Демир Хисар ќе ги презема сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на овие активности најмногу ќе се насочуваат кон сочување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, подржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Демир Хисар во државата и надвор од неа.

| Ред. бр. | Активности | Рок | Носител | Предвидени средства | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Д. Хисар | АМС | Други извори | |
| 1 | Финансиска и техничка поддршка на спортски клубови и поединци од општина Демир Хисар | по доставени барања | Општина Д. Хисар | 200.000,00 | / | | 200.000,00 |
| 2 | Изработка на техничка документација за изградба на спортски отворени терени во поголеми населени места во општина Демир Хисар | 2015 | Општина Д. Хисар | 200.000,00 | / | | 200.000,00 |
| 3 | Изградба на спортски отворен терен во с.Сопотница | 2015 | Општина Д. Хисар | 1.000.000,00 | / | | 1.000.000,00 |
| 4 | Турнир во мал фудбал "Демир Хисар 2015" | 1-2 Септември | Општина Д. Хисар | 30.000.00 | / | | 30.000.00 |
| | Вкупно: | | | | | | 1.430.000,00 |

***IV. Финансирање***

Финансирањето на активностите утвдени со оваа Програма е од Буџетот на општина Демир Хисар, од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2015 година, ќе бидат ангажирани дооплнителни средства од буџетот на општината.

### *V. Дрӯги форми на делување*

Освен со финансиски средства општина Демир Хисар спортските манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителство;
- доделување награди и признанија;
- обезбедување стручна, техничка и други видови на помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби.

Општината на младите ќе им помага преку:

- организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивни интерес,
- организирање кампањи за потенцирање на здравиот начин на живот,
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

### *VI. Завршни одредби*

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа програма во делот на спортот ќе се одвива преку Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Демир Хисар.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Демир Хисар".

**Бр. 07-959/7** **Совет на општина Демир Хисар**
**24.12.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

## З А К Л У Ч О К
## За објавување на Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2015 година

1.Ја објавувам Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2015 година донесена на 27-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 980/5** **Општина Демир Хисар**
**26.12.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**278.** Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), како и член 43, став 1, точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 24.12.2014 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2015 година

### *I. Појдовна основа*

Остварувањето на поддршка на здруженија и фондации во општина Демир Хисар во 2015 година се заснова на Законот за локална самоуправа и останатите позитивни законски прописи кои се однесуваат на надлежностите на локалната самоуправа.

Со Програмата поблиску се уредува начинот на остварување на поддршка на здруженија и фондации.

### *II. Цели*

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации се:

- Поттикнување и поддршка на граѓаните во остварување на нивните интереси преку формирање на здруженија и фондации;
- Грижата за младите и соработката со здруженија и фондации во согласност со можностите;
- Создавање услови за реализирање на активности на здруженија и фондации;
- 

### *III. Активности*

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Демир Хисар ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- воспоставување на соработката со граѓанскиот сектор;
- обезбедување просторни услови за работа на здруженија и фондации;
- давање поддршка на проекти кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани;
-

Во областа на поддршката на здруженија и фондации, активностите на Општина Демир Хисар ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи во сите области на делување на локалната самоуправа.

| Ред. бр. | Активности | Рок | Носител | Предвидени средства | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Д. Хисар | Спонзори | Други извори | |
| 1 | Учество во реализација на партнерски проекти и со здруженија и фондации | по потреба | општина Д. Хисар | 150.000,00 | / | / | 150.000,00 |
| 2 | Поддршка на програмски активности на здруженија и фондации | по потреба | општина Д. Хисар | 50.000,00 | / | / | 50.000,00 |
| | Вкупно: 200.000,00 | | | | | | |

## IV. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Демир Хисар, од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2015 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

## V. Други форми на делување

Освен со финансиски средства Општина Демир Хисар активностите на здруженијата и фондациите ќе ги помага и со:

- покровителство;
- доделување награди и признанија;
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби;
- организирање трибини, форуми, дебати на теми што се од нивен интерес;
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

## VI. Завршни одредби

Практичната реализација и контролата се одвиваат преку Советот на Општина Демир Хисар и Комисијата за општествени дејности, а следењето на активностите на оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за локален економски развој и општествени дејности во соработка со здруженијата и фондациите во Општина Демир Хисар.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар,,.

**Бр. 07-959/8**
**24.12.2014 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2015 година**

1.Ја објавувам Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2015 година донесена на 27-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 980/6** **Општина Демир Хисар**
**26.12.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**279.** Врз основа на член 22, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (вСлужбен весник на РМг бр. 5/02), како и член 43 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 03/2002), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.12.2014 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за активности на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2015 година**

## И.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на општина Демир Хисар кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на здравствената заштита;
- Унапредување на здравјето на граѓаните.

## II.АКТИВНОСТИ

Активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита ќе бидат насочени кон потикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Унапредување на соработката на Советот на општина Демир Хисар со јавните здравствени организации;
- Спроведување на превентивни активности за заштита на здравјето на граѓаните и
- Спроведување на активности за здравствено воспитување, особено на младата популација.

| Р. бр. | АКТИВНОСТИ | РОК | НОСИТЕЛ | ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Демир Хисар | Министерство за здравство | Други извори | |
| 1. | Едукација за превентива од дијабетис (шеќерна болест) | 16.11.2015 | ЈЗУ "Здравствен дом" Демир Хисар | 5.000,00 | | | 5.000,00 |
| 2. | Едукација за превентива од СИДА | 01.12.2015 | ЈЗУ "Здравствен дом" Демир Хисар | 5.000,00 | | | 5.000,00 |
| 3. | Едукација за превентива од вирусни инфекции (грип и сл.) | Септември 2015 | ЈЗУ "Здравствен дом" Демир Хисар | 5.000,00 | | | 5.000,00 |
| 4. | Едукација за превентива од коронарни болести | 27.09.2015 | ЈЗУ "Здравствен дом" Демир Хисар | 5.000,00 | | | 5.000,00 |
| 5. | Едукација за превентива од карцином на дојка | | ЈЗУ "Здравствен дом" Демир Хисар | 5.000,00 | | | 5.000,00 |
| 6. | Трибини на тема зависности (дрога, алкохол) | | ЈЗУ "Психијатриска болница" Демир Хисар | 5.000,00 | | | 5.000,00 |
| | | | | | | **Вкупно** | **30.000,00** |

## III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на здравствената заштита утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на општина Демир Хисар предвидени за 2015 година, средства од Буџетот на Република Македонија, спонзорства и донации.

## IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба, на предлог на Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Демир Хисар, Програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

## V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа програма ќе се одвива преку Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Демир Хисар.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Демир Хисар".

**Бр.07-959/9**
**24.12.2014 г.**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател**
**Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за јавно осветлување за 2015 година на подрачјето на општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Програмата за јавно осветлување за 2015 година на подрачјето на општина Демир Хисар донесена на 27-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 980/7** **Општина Демир Хисар**
**26.12.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**280.** Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Сл. Весник на РМ,, бр. 5/2002), член 43 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Демир Хисар („Сл. Гласник на Општина Демир Хисар,, бр.3/2002), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 24.12.2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
за јавно осветлување за 2015 година
на подрачјето на Општина Демир Хисар

Со оваа Програма се утврдуваат работите по однос на јавното осветлување на територијата на Општина Демир Хисар, кои се предвидуваат да се одвиваат во три нивоа:

1.Контрола

-на потрошена електрична енергија;
-на техничка исправност на светилките и инсталациите;

2.Проширување на нисконапонската мрежа-јавното осветлување

3.Одржување на јавното осветлување

Трите предвидени нивоа ќе се реализираат по Урбани и месни единици, сукцесивно према извештајот од контролата, а согласно прибраните средства.

АД EVN, КЕЦ-Битола ги прибира средствата на име комунална такса за јавно осветлување и истите ги уплаќа согласно Законските прописи, на сметка на Буџетот на Општина Демир Хисар.

Спрема регистрираните потрошувачи на територијата на Општина Демир Хисар, за 2015 година се предвидува да се приберат околу **6.500.000,00** денари кои ќе се распределат за:

-Потрошена електрична енергија 3.500.000,00 ден.
Контрола 10.000,00 ден.
-Проширување на НН мрежа за јавно осветлување 1.090.000,00 ден.
-Одржување на јавно осветлување 400.000,00 ден.

**1.Контрола**

-потрошена електрична енергија;
-евидентирање на број и местоположба на броилата;
-евидентирање на состојба на броилата еднаш во месецот;
-евидентирање на диви приклучоци на уличната мрежа.
-техничка исправност на мрежата;
-техничка исправност на броилата;
-техничка исправност на улични светилки;
-техничка исправност на декоративни светилки;
-техничка исправност на опремата.

Извештајот на извршена контрола еднаш месечно.

**2.Проширување/реконструкција на нисконапонската мрежа за осветлување**

а.) Осветлување на постојни улици во градот Демир Хисар и населените места каде досега нема мрежа за јавно осветлување или е потребна реконструкција на истата,
б.) Изградба на јавно осветлување во с.Суво Грло и
в.) Изготвување на Студија за осовременување на јавното осветлување

**3.Одржување на улично осветлување**

а.) Јавно осветлување и
б.) Декоративно осветлување.

Набавката на материјалите и работната рака за предвидените работи по оваа Програма ќе биде извршена преку распишување на тендер.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Демир Хисар„.

**Бр.07-959/10 Совет на општина Демир Хисар**
**24.12.2014 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за дезинсекција, дератизација и контрола на популација на кучиња скитници во општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Програмата за дезинсекција, дератизација и контрола на популација на кучиња скитници во општина Демир Хисар за 2015 година донесена на 27-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 980/8 Општина Демир Хисар**
**26.12.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**281.** Врз основа на член 12, 14 и 39 Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ„ бр. 66/04, 139/08 и 99/09), член 5 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ'' бр. 95/12), како и член 43 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар'' бр. 03/2002), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.12.2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за дезинсекција, дератизација и контрола на популација на кучина скитници**
**во Општина Демир Хисар за 2015 година**

**I.ВОВЕД**

Интегрираното сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки, а со цел за превентивни и куративни мерки, кои се превземаат за сузбивање или намалување на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело, причинители се на алергиски реакции, делуваат токсично и предизвикуваат болести кај граѓаните.

Што се однесува до ерадикацијата, редовно се преземаат мерки за намалување на животните скитници кои ги има во Општина Демир Хисар и истите претставуваат опасност по здравјето и животот на луѓето, особено децата.

**II. ЦЕЛИ**

Заради заштита на населението во Општина Демир Хисар од заразни болести, штетници и животни скитници, потребно е преземање соодветни мерки во текот на 2015 година. Со планираните активности според оваа програма ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во Општина Демир Хисар.

**III.АКТИВНОСТИ**

Во 2015 година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми, штетници и кучина скитници Општина Демир Хисар ќе ги преземе следните активности:

| | Планирана активност | Место и локација | Месец на извршување | Планирани средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дезинсекција | Зелени површини, подрачја по течение на реките и водотеците, застојни води и подрачјата околу каналски системи на територијата на Општина Демир Хисар, урбани населби. | -крај на април<br>-крај на јуни<br>-крај на јули<br>-крај на август | 170.000,оо |
| 2 | Дератизација | Градот Демир Хисар, н.м. Суводол, Кутретино, Слепче, Сопотница, Велмевци | -крај на мај<br>-крај на октомв[ри] | 170.000,оо |
| 3 | Контрола на популацијата на кучињата скитници | Во Демир Хисар и во населените места | | 60.000,оо |
| 4 | Стручен надзор | | | 20.000,оо |
| | Вкупно денари : 420.000,оо | | | |

**IV.ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2015 година - Подпрограма Ј80- други комунални услуги.

**V.КОНТРОЛА**

Контролата врз реализација на активностите од програмата ќе врши стручно лице ангажирано од страна на Општина Демир Хисар.

**VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар''.

**Бр.07-959/11** **Совет на општина Демир Хисар**
**24.12.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина демир Хисар за 2015 година донесена на 27-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 980/9** **Општина Демир Хисар**
**26.12.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**282.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 79,80 и 80а од Законот за градење – пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр. 70/2013), член 43 став 1 точка 43 од Статутот на општина („Сл. гласник на општина Демир Хисар бр.3/2002), Советот на Општина Демир Хисар, на седницата одржана на 24.12. 2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2015 година**

- ***Вовед***

Во согласност со Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), („Сл.весник на РМ" бр.55/04), Закон за градење – пречистен текст(„Сл.весник на РМ" бр. 70/2013; 163/2013; 27/2014; 28/2014; 42/2014115/2014; 149/2014), Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр. 51/05, бр.137/07, бр.91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/2013; 70/2013; 58/2013;), Закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ" бр. 82/08 и бр.56/10 и измените на Законот), Закон за комунални дејности („Сл.весник на РМ" бр.45/97, 23/99, 45/02, 16/04, 5/09 и Измените на Законот), Закон за комунални такси („Сл.весник на РМ" бр.61/04), изработена е Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар.

Согласно Законот за градење и Измените на Законот (Сл.весник на РМ бр. 70/13, 144/13; 163/2013; 27/2014; 28/2014; 42/2014115/2014; 149/2014;) потребата за поставување на урбаната опрема ја утврдува Советот на општина Демир Хисар.

Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема, локалитетите на кои се поставуваат, начинот и условите за нивно поставување, дислоцирање и отстранување.

Оваа програма важи за 2015 година и со истата е опфатена урбаната опрема која се поставува на градежно изградено земјиште и согласно член 2 став 4 од Законот за градење-пречистен текст (Сл. весник на РМ бр. 70/2013) во смисла на овој закон урбаната опрема претставува опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, јавни санитарни јазли, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

Доколку се појави потреба од други видови урбана опрема ќе бидат опфатени со измена и дополна на оваа Програма.

***1. Цел на Програмата***

Со програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбана опрема на територија на Општина Демир Хисар;
- Естетско обликовните подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина (продажба на весници, сувенири, цвеќиња);

***2. Видови на урбана опрема***

Според Законот за градење-пречистен текст ("Сл. весник на РМ" бр. 70/2013) урбаната опрема претставува опрема која се поставува на градежно изградено земјиште. Под урбана опрема, во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, јавни санитарни јазли, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци и др.

Урбана опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.

Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

***2.1. Критериуми за определување на видот на урбана опрема***

За определување на типот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:

- Функционални критериуми како што се: намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста,
- материјални критериуми,
- финансиски критериуми.

Урбана опрема која се поставува на подрачјето на Општина Демир Хисар треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење-пречисте текст („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/2013).

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и да се обезбеди непречен пристап до истата или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истите не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5м.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема, е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство, односно на природата.

***<u>Информативни паноа</u>***

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на општина , возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее

да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

***Продажба на весници, сувенири, цвеќе и сладолед***

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на весници, сувенири и сладолед да небиде поголема од 4,0м²,а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0м².

***Јавни санитарни јазли***

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

***Самостоечките рекламни паноа***

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност насообраќајот на пат и штата (“ Сл ужбен весни к на РМ ” бр.54/07, 86/08,98/08 и 64/09)

***Опрема за забава на деца***

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

***Детски игралишта***

Детски игралишта може да се постават на изградено и неизградено градежно земјиште со проект за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

Детското игралиште може да биде типско и во зависност од големината на површината истото може да се мултиплицира.

***Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци***

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на општината и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно потребите на Општина Демир Хисар.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0м x
1,2м за луѓето со хендикеп.

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или

***Жардињери, граничници***

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и
урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.
Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0.80 м.

***2.2. Дејности кои можат да се вршат***

Со урбаната опрема можат да се вршат дејности во согласност со член 2, став 4 од
Закон за градење (“Сл.весник на РМ” бр. 130/09 и бр.124/10).

***3. Преглед на локации на потребна урбана опрема на територијата на Општина Демир Хисар***

Составен дел на програмата е табелата каде се дадени следните информации:

- нумерација на објектите;
- графички прилог за местоположба на урбаната опрема;
- КП каде се наоѓа урбаната опрема;
- површина;
- тип на урбана опрема;
- сопственост.

***4. Начини и услови за поставување и одржување на урбана опрема***

Согласно Закон за градење (“Сл.весник на РМ” бр.

130/09; бр.124/10; 70/2013; 163/2013; 27/2014; 28/2014; 42/2014115/2014; 149/2014), урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува советот на општината Демир Хисар.

Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на

Програмата за поставување на урбана опрема во соодветен размер.

Урбаната опрема се поставува на микролокации согласно графичкиот прилог.

Точно позиционирање на урбаната опрема, го одредува овластен геодет од страна на општина Демир Хисар.

Општина Демир Хисар согласно Законот за градење –пречистен текст (“Сл.весник на РМ” бр.70/2013) води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбаната опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистерот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Поставување урбана опрема на јавни површини, за чие одржување е надлежна Општина Демир Хисар, се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.

Одобрението од став 1 на овој член го издава градоначалникот на општина Демир Хисар.

Одобрението за поставување на урбана опрема, се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

**I. За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, рекламни паноа**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата , со микролокациски услови
2. Основен ревидиран проект.

**II. Клупи, чешми, канделабри, корпи за отпадоци и останати видови на урбана опрема која не се однесува на вршење на дејност**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата со микролокациски услови.

**III. Фонтани и водени басени**

1. Извод од програма со микролокациски услови
2. Основен ревидиран проект.

Постапката по барањето ја спроведува надлежното Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на Општина Демир Хисар (во натамошниот текст, надлежно одделение ).

Надлежното одделение на општина врши увид на лице место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето.

***5. Извори на финансирање на програмата***

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар се финансира од буџетот на општината за 2015 година, буџет на РМ, донации, правни и физички лица.

***5.1 Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема***

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбаната опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичко или правно лице.

***6. Динамика на реализација на програмата***

Динамиката на реализацијата на програмата ќе зависи од обезбедени финансиски средства, решени имотно-правни и технички услови.

***7.Вршење надзор***

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење – пречистен текст („Сл.весник на РМ” бр. 70/2013).

***8. Преодни и завршни одредби***

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Демир Хисар во соработка со Одделениет за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во Општината.

Во состав на оваа Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2015 година спаѓа и графички дел.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Демир Хисар”.

**Број. 07-959/12 Совет на Општина Демир Хисар**
**24.12.2014 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програмата за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Програмата за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2015 година донесена на 27-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 980/10** **Општина Демир Хисар**
**26.12.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**283.** Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02) член 43 став 1 точка 21 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02) ,Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.12.2014 година донесе

ПРОГРАМА
За изградба и реконструкција на локални патишта и улици на општина Демир Хисар за 2015 година

**ЈД - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на улици:<br>-Улица во с.Слепче (десно ---- **должина)**<br>**- Пат до манастир св. Петар Смилево (износ вкупен од Светска банка)---** | **1.000.000,00** |
| | | |
| 2. | Реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици:<br>- с.Сопотница<br>- с.Кутретино-с.Суводол<br>- с.Света<br>- ул.„29ти Ноември“ Демир Хисар<br>- пред Здравствен дом<br>- и други улици по потреба | **5.000.000,00** |
| | | |
| 3. | Изградба на тротоари, паркинзи, плоштади и други пешачки површини:<br>**Паркинзи:**<br>-над ПЕ Министерство за земјоделие<br>-ветеринарна станица<br>-над локација за соборниот храм<br>**Тротоари**<br>**- изградба тротоар од амбуланта до раскрсница со с.Кутретино-Суводол**<br>**-изградба на тротоар од авобуска до „Маит“** | **1.000.000,00** |
| 4. | **-Реконструкција на постоечки тротоар по должина на ул. „Битолска)** | **1.000.000,00** |
| 5. | Мостови –санација<br>-во с.Журче<br>-во с.Мренога<br>-во с.Вирово<br>-во с. Единаковци<br>-во с.Суводол (изградба на пропуст)<br>-изградба на ограда на моста на река-сувосолица во с.Суводол | 600.000,00 |
| 6. | Изработка на техн.документација<br>- за мост во с.Сопотница | 300.000,00 |
| 7. | Надзор над изградбата | **100.000,00** |
| | вкупно: | **9.000.000,00** |

**Број. 07-959/13** **Совет на Општина Демир Хисар**
**24.12.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програмата за управување со отпад во општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Програмата за управување со отпад во општина Демир Хисар за 2015 година донесена на 27-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 980/11** **Општина Демир Хисар**
**26.12.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**284.** Врз основа на член 19 став1 точка 2 од Законот за управување со отпадот (“Слжбен весник на Република Македонија“ бр. 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/2010, 9/2011, 51/2011 и 123/2012), член бр.22, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), како и член 43, став 43, од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр. 3/02), Советот на општина

Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 24.12.2014 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ ЗА 2015 ГОДИНА

### *I. Вовед*

Програмата за управување со отпад за 2015 година е во согласност со Планот за управување со отпадот 2014-2017 година и ги дефинира целите, мерките/активностите за реализација на барањата на Планот за управување со отпад, начинот на нивно финансирање и извршување.

Врз основа на Планот за управување со отпад, на територијата на општина Демир Хисар за период 2015 година Јануари-Декември се очекува да се создадат 1072,80 тони комунален отпад. 48,94% од генерираниот отпад [1] се очекува да биде организирано собрани, транспортирани и одложени на привремената депонија „Крагуево“, во непосредна близина на градот Демир Хисар. Процентуалниот состав на посебните фракции отпад се претпоставува дека ќе биде сличен со оној којшто е на национално ниво, како што следува:

| Ф | Застапено | Вкупно |
|---|---|---|
| Органски отпад | 26.2% | 281.07 |
| Дрво | 2.7% | 28,97 |
| Хартија и картон | 11.6% | 124,44 |
| Пластика | 9.7% | 104,06 |
| Стакло | 3.5% | 37,55 |
| Текстил | 2.9% | 31,11 |
| Метали | 2.6% | 27,89 |
| Опасен отпад | 0.2% | 2,15 |
| Композити | 2.2% | 23,60 |
| Комплексни | 0.3% | 3,22 |
| Инертен отпад | 3.6% | 38,62 |
| Други категории | 3.6% | 38,62 |
| Ситни делови | 30.9% | 331,50 |
| Вкупно | 100% | 1072,80 |

### *II. Цели*

*Основни цели на Програмата за управување со отпадот за 2015 година се:*

- Намалување на количините на создаден отпад
- Да се обезбеди прифатливо депонирање од аспект на заштита на животната средина
- Подигање нивото на јавната свест за заштита на животната средина
- Контрола на движењето на отпадот
- Заштита на животната средина

### *III. Мерки/активности*

**1. Мерки / активности за реализација на барањата на Планот за управување со отпад**

- Селекција на отпадот, повторно користење и рециклирање;

- Се препорачува ЈКП „Комуналец“ да организира примарната селекција на отпадот.

- Компостирање на биоразградливиот отпад;

- Се препорачува да се спроведе јавна кампања за домашното компостирање.

- Се промовира модел на компостирање.

**2. Начин на работа на објектите за преработка и отстранување на отпадот**

ЈКП „Комуналец“ изработува годишна оперативна програма која што е поврзана со годишната програма на Општината Демир Хисар. Дополнително, ЈКП „Комуналец“ доследно ќе ги спроведува и следи имплементацијата на условите дадени во мислењето за привремено депонирање на комунален цврст отпад на депонија „Крагуево“ се до моментот на воспоставување на регионално управување со отпадот, каде што ќе се почитуваат процедурите за добивање на интегрирана еколошка дозвола за регионална санитарна депонија.

Воведување на катастар на загадувачи (отпад како загадувач) каде што сите оние индустриски капацитети кои создаваат оптад ќе бидат евидентирани и врз основа на годишните количини на создаден отпад ќе бидат обврзани да доставуваат годишни програми за сопственото управување со отпад.

**3. Мерки и активности за селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот**

Во една избрана населба каде што е доминантно колективно живеење, ќе се оформат 5 локации–зелени острови, на коишто ќе се собира комуналниот отпад. Тоа ќе бидат пунктови на селекција на отпадот, затоа што на истите локации ќе се постават 3 контејнери со запремина од 1.1 $m^3$, различно обоени во коишто посебно ќе се одлага пластика, хартија и комунален отпад.

**4. Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградливиот отпад**

**4.1 Јавна кампања**

За прифаќање на концептот за искористување на биоразградливиот отпад, Општината ќе спроведе јавна кампања за подигање на јавната свест, која што ќе содржи: организирање на јавни презентации, подготовка на популарен материјал (лифлети, постери), информирање преку јавните медиуми, едукации на младата популација.

**4.2 Техничка документација**

Врз основа на проценети количини на биоразградлив отпад и инвентарот на инсталации, кои генерираат ваков вид на отпад, Општината ќе превземе активност на подготовка на проектна документација за управување со овој вид на отпад, која ќе даде предлози за капацитетот на објектот, применетата технологија и пласирање на крајниот продукт.

**5. Начините за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето на отпадот**

Изработка на програма за подигање на јавна свест, која ќе содржи елементи на информирање на населението и едукација на неколку старосни категории од населението за соодветно управување со отпадот.

**6. Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите**

Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите, ќе се спроведе низ едукација на населението и подготовка на проектна документација.

**7. Начинот на функционирање на интегрираната мрежа за преработка и за отстранување на отпадот**

До постигнување на капацитети за преработка на отпадот на територијата на Општина Демир Хисар, односно регионот, ќе се превземат активности за подобрување на системот за отстранување на отпад со збогатување на возниот парк на ЈКП „Комуналец“.

**8. Реализација на мониторингот и на информативниот систем во областа на управувањето со отпадот**

Мониторинот на состојбите со отпадот ќе се реализира преку база на податоци која што ќе ја оформи ЈКП во соработка со општината. Достапност до базата на податоци ќе имаат надлежните вработени од ЈКП „Комуналец“ и Одделението за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности при Општината.

Мониторингот за 2015 година ќе се спроведе со пополнување на обрасците за идентификација и транспорт на отпад, како и со изготвување на годишните извештаи за управувањето со отпадот. Овие обрасци се задолжителни за приватните претпријатијата, како и за ЈКП „Комуналец“.

**9. Реализација на мерки за спроведување на увоз, извоз и транзит на отпад низ територијата на Република Македонија**

Реализација на мерки за спроведување на увоз, извоз и транзит на отпад низ територијата.на Република Македонија ќе се спроведува во согласност на постојната законска регулатива.

**10. Други мерки од важност за реализација на Планот за управување со отпад**

Инвентаризација на бројот на дивите депонии, приближно определување на количините на депониран материјал, како и видот на депониран материјал.

Расчистување на депониите и нивна рекултивација

**Табела 1.** Активности за 2015 година за управување со отпад

| Акции од планот | Активност | Вкупно проценети финансиски сретства (денари) |
|---|---|---|
| 1. Јакнење на административни капацитети | Јакнење на капацитети на ЈКП „Комуналец“ | |
| | - ЈКП: нова организациона поставеност, ефикасно искористување на постоен кадар | 200 000 |
| 2. Уредување на на постојна депонија (постигнување на стандарди за минимум технички критериуми) | Спроведување на условите дадени во мислењето на МЖСПП<br>- Оградување<br>- Пристапен пат<br>- Физичко обезбедување | 300 000 |
| 3. Регионално управување со отпад | Изработка на физибилити студија за регионално управување со отпад (кофинансирање од општина). | 1 000 000 |
| 4. Воведување на систем за селектирање и собирање на отпад во градот Демир Хисар | Припремни работи за воведување на системот<br>Возен парк и садови за собирање на отпад<br>- 1.1 $m^3$ 9 броја<br>Возила (смеќар и автоподигач) | 2.800 000 |
| 5. Центр за рециклажа | Проектна документација (хартија и пластика) | 600 000 |
| 6. Управување со биоразградливиот отпад | Проектна документација | 200 000 |
| 7. Мониторинг на управување со отпад | Изготвување на база на податоци<br>- Диви депонии (инвентаризација и предлог мерки за решавање) | / |
| 8. Подигање на јавна свест | Изготвување програма за подигање на јавна свест | 300 000 |
| Вкупно | | 5.400.000 |

## *IV. Финансирање*

Предвидените активности во рамките на оваа Програма во вкупна вредност од 5.400.000,00 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетите на Општина Демир Хисар и ЈКП „Комуналец“ за 2015 година, донации.

## *V. Распоредување на буџетските средства*

Активностите предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на Општината Демир Хисар, со напомена дека овие средства во зависност од остварување на Буџетот, во текот на годината може да се менуваат согласно со Одлука на Совет на Општина Демир Хисар.

### VI. Извршител на програмата

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма е Одделението за урбанизам, заштита на животна средина и комунални дејности при општина Демир Хисар.

Одделението за урбанизам, заштита на животна средина и комунални дејности при општина Демир Хисар изготвува и доставува извештај за реализација на програмата во рок од 1 (еден) месец по завршување на активностите до Советот на општина Демир Хисар.

### VII. Завршни одредби

Комисијата за јавни и комунални дејности при Советот на општина Демир Хисар го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Хисар“.

**Бр. 07-959/14**
**24.12.2014 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Председател,**
**Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Годишна Програма за работите на одржување на јавна чистота во градот Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Годишната Програма за работите на одржување на јавна чистота во градот Демир Хисар за 2015 година донесена на 27-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 980/12**
**26.12.2014 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
***Љупчо Блажевски с.р.***

**285.** Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Сл.весник на РМ“ бр. 111/08г), а согласно член 43 точка 24 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02;4/05 и 7/09г), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 24.12.2014 година донесе:

**Г О Д И Ш Н А  П Р О Г Р А М А**

**ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ГРАДОТ ДЕМИР ХИСАР во 2015 година**

**ВОВЕД**

Одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејности од јавен интерес од локално значење.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

Јавни површини и отворени простори на јавни објекти на кои ќе се врши одржување на јавната чистота се: улиците, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, парк-шуми, улични тревници, видиковци, гранични премини, железнички, автобуски, бензински и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура, јавни телефонски говорници, зоолошки градини, градски гробишта, саjмишта, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти, јавни капалишта и отворени простори околу други јавни објекти.

Одржувањето на јавната чистота и чистењето на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини го врши Јавното комунално претпријатие "Комуналец", Демир Хисар, основано од општината.

Цената на услугите кои ги дава ЈКП"Комуналец" се одредува со посебен акт, утврден од Советот на општината.

Согласно член 24 од Законот за јавна чистота Советот на општината ја утврдува висината на надоместокот за одржување на јавната чистота во зависност од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребата-обемот за одржувањето на јавните површини и нивното подрачје.

Исто така Советот на општината ја утврдува мерната единица по која би се наплаќал овој надоместок.

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота ќе се врши преку доставување на сметката за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, кој се прикажува одвоено на сметката.

Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

Собирање на смет е отстранување на создадениот смет од одржувањето на јавни површини и објектите и сместување во садови за смет.

Смет е збир од отпадоци што се собираат при одржување на јавната чистота.

Потеклото и видот на сметот на јавните површини зависи од:

-густина на населеноста
-градски сообраќај
-станбениот простор
-начинот на исхрана
-културата и другите навики на градските жители.

Сметот од јавните површини е од различно потекло и се состои воглавно од:

**1. Нормален секојдневен смет**-отпадоци во кои се вбројуваат:
-отпадоци кои се создаваат во просториите каде се живее или работи;
-отпадоци од храна, амбалажа, употребена хартија, разни метални, стаклени и пластични садови, стари алишта и слично;
-обичен уличен смет: кутии од цигари, кибрити, опушоци, мастики, амбалажи, хартија и слично;
-отпадоци кои се јавуваат при транспорт со возила (кај збирање на куќен смет, разнесување на градежен материјал, земјоделско ѓубре, сено, отпад, намирници и друго при утовар и растовар на разни врсти стока);

-при интезивни врнежи на дожд се врши преносно загадување на јавните сообраќајни површини од разни наноси (песок, земја, лисја и др.)

**2. Сезонски смет**- кој се појавува на јавните површини обично само еднаш годишно. Тоа е последица на климатските промени и претставува извесна опасност за сигурноста на сообраќајот и здравјето на луѓето. Сезонски смет има две врсти и тоа:
-лисјата од дрвата кои паѓаат на јавните и сообраќајни површини покрај дрворедите и парковите. Оваа појава ја има на есен и претставува опасност за безбедноста на сообраќајот и движење на луѓето. Исто така од лисјата може да дојде до затнување на сливниците, односно градската канализација;
-песок и ситен камен (кој служи во зимскиот период за посипување на јавните сообраќајни површини заради намалување на лизгањето на возилата).

### А. ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

Ако се земат во предвид годишните времиња постојат две сезони за чистење на јавните и сообраќајни површини:
**-Зимско чистење на улици:** кое осигурува несметан сообраќај на возила и пешаци, кај снежни врнежи иголомразици со чистење и отклонување на снегот и посипување на улиците со сол и песок.
**-Летно чистење на улиците** се обавува на два начина:
- суво чистење на јавните и сообраќајни површини
- водено чистење на јавните и сообраќајни површини

За утврдување на потребен број на работници за чистење на јавните и сообраќајни површини се користени Прирачници за нормирање и утврдување на обемот на работите и работните задачи за чистење на јавните сообраќајни површини.

### 1.СУВО ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ И СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

Ова чистење ја исклучува употребата на вода и може да се применува за чистење на сите јавни и сообраќајни површини.
Работникот кој обавува чистење на јавните површини снабден е со количка, лопата и метла. Чистењето го обавува така што сметот го собира на купчиња а потоа со лопата и со метла го утоварува во количка, која откако ќе се наполни ја носи во реонска депонија или контејнер од каде се изнесува со возило.
Чистењето на јавните сообраќајни површини во градот ќе се врши во следните предлог зони:
**Прва зона**- 2 (два) пати месечно, односно секоја втора недела и
**Втора зона**-1 (еднаш) месечно

**Прва зона-чистење 2 пати месечно**

| ред.бр. | улица | $м^1$ | $м^2$-коловоз+тротоар |
|---|---|---|---|
| 1. | "Битолска" | 1.770,00 | 15.930,00 |
| 2. | "Маршал Тито" | 990,00 | 7.920,00 |
| 3. | "1-ви Мај" | 840,00 | 6.720,00 |
| | Вкупно: | 3.600,00$м^1$ | 30.570,00$м^2$ |

Потребниот број на работници за чистење на јавните сообраќајни површини во прва зона ќе се утврди со помош на Т-21 и спрема неа се утврдува времето за чистење за 1$м^2$ ефективна површина и работниот учинок од $м^2$/час. При пресметките е пресметан степенот на загаденост кој изнесува 2(втор) степен односно 50$см^3/м^2$.

30.570,00 $м^2$x0.36 ден/$м^2$= 11.005,00 ден. за едно чистење
2x 11.005 ден.= 22.010,00 ден. за две чистења месечно
**12 месеци x 22.010 ден. = 264.125,00 денари/годишно**

**Втора зона-чистење еднаш месечно**

| ред. бр. | улица | $м^1$ | $м^2$-асфалт |
|---|---|---|---|
| 1. | "Партизанска" | 1.600,00 | 12.800,00 |
| 2. | "29-ти Ноември" | 320,00 | 2.560,00 |
| 3. | "Вељко Влаховиќ" | 420,00 | 3.360,00 |
| 4. | "Гоце Делчев" | 1.300,00 | 10.400,00 |
| 5. | "Ѓорѓи Сугарев" | 180,00 | 1.440,00 |
| 6. | "Илинденска" | 200,00 | 1.600,00 |
| 7. | "Стојан Лазаревски" | 160,00 | 1.280,00 |
| 8. | "Јордан Пиперката" | 230,00 | 1.840,00 |
| 9. | "Железник" | 160,00 | 1.280,00 |
| 10. | "2-ри Септември" | 160,00 | 1.280,00 |
| 11. | "4-ти Јули" | 260,00 | 2.080,00 |
| 12. | "11-ти Октомври" | 250,00 | 2.000,00 |
| 13. | "Охридска" | 160,00 | 1.280,00 |
| 14. | "Левко Џамбазовски" | 110,00 | 880,00 |
| 15. | "Дехитекс" | 460,00 | 3.680,00 |
| 16. | "Мургашево" | 220,00 | 1.760,00 |
| 17. | "Веле Марков" | 220,00 | 1.760,00 |
| 18. | "Даме Груев" | 150,00 | 1.200,00 |
| | Вкупно: | 6.560,00$м^1$ | 52.480,00$м^2$ |

52.480,00 $м^2$x 0.36 ден/$м^2$= 18.893,00 ден. за едно чистење месечно
**12 месеци x 18.893,00 ден. = 226.716,00 денари/годишно**

**ЗБИРНА СУМА ЗА ДВЕТЕ ЗОНИ**

Прва зона............................................. **264.125,00 ден**
Втора зона........................................... **226.716,00 ден**

---

**Вкупно:** **490.841,00 ден/годишно**

**Б. МИЕЊЕ НА УЛИЦИ**

Ја вклучува употребата на вода и е најквалитетно и треба да биде основен начин за летното чистење на јавните сообраќајни површини. Бидејќи ЈКП "Комуналец" не поседува потребно возило-автоцистерна за вршење на оваа услуга миење на јавните сообраќајни површини и доколку Советот на Општината смета да оваа услуга ја врши ЈКП"Комуналец" треба заедно со претпријатието да обезбеди средства за набавка на потребно возило-автоцистерна.

**В. ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГОТ**

Чистењето ќе се врши по потреба со камион "ФАП 14-14" со снежен нож со тракторот кој има монтирано снежен нож и со Катерпилар.
За чистење во градот Демир Хисар ги има следниве асфалтирани улици:

**Асфалтирани улици:**

1."Маршал Тито"со должина =990 $м^1$
2."1-ви Мај" =840 $м^1$
3."Вељко Влаховиќ" =420 $м^1$
4."29-ти Ноември" =320 $м^1$
5."Партизанска" =1.600 $м^1$
6."Илинденска" =200 $м^1$
7."Ѓорѓи Сугарев" =180 $м^1$
8."Гоце делчев" =1.300 $м^1$

9."Стојан Лазаревски" =160 $м^1$
10."Железник" =160 $м^1$
11."2-ри Септември" =160 $м^1$
12."Охридска" =160 $м^1$
13."Левко Џамбаз" =110 $м^1$
14"Дехитекс" =460 $м^1$
15."Мургашево" =220 $м^1$
16."4-ти Јули" =260 $м^1$
17."11-ти Октомври" =250 $м^1$
18."Битолска" =1.770 $м^1$
19."Јордан Пиперката" =230 $м^1$
20."Веле Марков" =220 $м^1$
21."Даме Груев" =150 $м^1$

Вкупно: 10.160 $м^1$

Предлог цена за чистење на снег на асфалтираните улици во Демир Хисар со ФАП 14-14 или трактор со снежен плуг изнесува од **1км= 800,00 ден., и рачно чистење по тротоарите на $м^2$ површина= 6,80 денари/ $м^2$.**

**Бидејќи чистењето на снег по коловозот на улиците е опфатено со Програмата за зимско одржување на патишта и улици, во оваа Програма ќе се опфати само чистење на снег на тротоари по улиците "Битолска" со должина од 1.770,00 метри, "Маршал Тито" во должина од 150,00 метри, како и чистење на снег на јавни површини.**

**Вкупно тротоари: 1.920,00 $м^2$ x 6,80 ден x 5 пати = 65.280,00 денари/годишно**

Во зимски услови при снежни врнежи давателот на услугата е должен да го исчисти снегот од јавните површини најдоцна **во рок од 6 часа** од почетокот на снежните врнежи.

## Г.ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНА НА ПЛАНИНСКИТЕ РЕГУЛАЦИОНИ ОДВОДНИ ОТВОРЕНИ КАНАЛИ

Во градот Демир Хисар има два планински регулациони одводни отворени канали и тоа на улица "1-ви Мај" и на улицата што ја поврзува "Битолска" со "Партизанска" пред Општината Демир Хисар и АД"Дехитекс". Дополнително по барање на граѓани ќе се врши чистење и на канал за атмосферски води што се собираат од улица вПартизанскаг започнувајќи од решетката пред куќа бр.19, па надолу во должина од 30 метри. **Вкупната должина изнесува 850м.** За одржување на хигиената за двата планински регулациони одводни отворени канали во Демир Хисар потребни се двајца работници и чистењето да биде еднаш месечно.

1. 2 работника x 110,00 денари x8 часа x 12 месеци = 21.120,00 ден.
2. Изнесување на наносен материјал и шут од одводните канали годишно 2 паушал 6.000,00 денари = 12.000,00 ден.

**Вкупно: = 33.120,00 ден/годишно**

## Д. СОБИРАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА УГИНАТИ ЖИВОТНИ ДО ОДРЕДЕНИ ДЕПОНИИ (ЈАМИ)

По барање на Општината за превоз со возило од час:
по 2.200,00 ден.
Поединечно собирање на угинати кучиња и други животни:
по 800,00 ден/парче

**Претпоставено потребни средства ............................18.187,00 ден/годишно**

## Ѓ. ПОСТАВУВАЊЕ И СМЕТНУВАЊЕ НА ЗНАМИЊА ЗА ДРЖАВНИ ПРАЗНИЦИ

За поставување и сметнување на знамиња се користи возило, кое покрај возачот го опслужуваат уште двајца работници или за едно поставување се потребни 3 часа.

| | |
|---|---|
| 2 работници x 110 ден x 3 часа x 12 повторувања | = 7.920,00 ден |
| 1 камион x 3 часа x 2.000,00 x 12 повторувања | = 72.000,00 ден |
| 1 возач x 3 часа x 140,00 ден x 12 повторувања | = 5.040,00 ден |
| Вкупно: | = 84.960,00 ден |

**Вкупно: = 84.960,00 ден/годишно**

## Е. ПОСТАВУВАЊЕ НА СВЕТЛЕЧКИ УКРАСИ ВО ГРАДОТ ПРЕД НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ

За поставување на светлечки украси во градот пред новогодишните празници се користи возило, кое покрај возачот го опслужуваат уште двајца работници.
**Претпоставено: 20 часа x 2.200,00 ден = 44.000,00 денари**

## Ж. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО

Јавното зеленило во градот е распределено на две целини и тоа:
-градски парк со површина од 5.010 $м^2$
-зеленило по улици и тротоари од 1.190 $м^1$
Зеленилото по улици е распоредено само по улицата "Битолска".
Потребни средства за одржување на градското јавно зеленило се следните:

**ГРАДСКИ ПАРК**

1.Полевање на тревник
4.380 $м^2$ x 1,20 x 10 повторувања =

**Оваа ставка нема да се извршува поради не функционирање на системот за полевање**

2.Косење на тревник
4.380 $м^2$ x 1,40 x 5 повторувања = 30.660,00 ден

3.Собирање на покосена трева
4.380 $м^2$ x 0,80 x 5 повторувања = 17.520,00 ден

4.Гриблање и чистење на листови
4.380 $м^2$ x 1,60 x 5 повторувања = 35.040,00 ден

5.Метење на патеки
340 $м^2$ x 0,50 x 10 повторувања = 1.700,00 ден

6.Режење на ружи и грмушки
30 парчиња x 32,00 x 2 повторувања = 1.920,00 ден

7.Окопување на ружи и грмушки
30 парчиња x 60,00 x 4 повторувања = 7.200,00 ден

8.Копање на цветни зони
290 $м^2$ x 14,20 x 2 повторувања = 8.236,00 ден

**Вкупно = 102.276,00 ден./годишно**

**АЛЕА НА УЛ. "БИТОЛСКА"**

1.Поливање на цветна алеа
1.190 $м^2$ x 2,80 x 5 повторувања =

**Оваа ставка нема да се извршува поради не функционирање на системот за полевање**

2.Окопување на ружи и грмушки
1.190 $м^2$ x 2,60 x 2 повторувања = 6.188,00 ден

3.Режење на ружи и грмушки
90 парчиња x 32,00 x 2 повторувања = 5.760,00 ден
4.Одвоз на вишок на земја на окопување
1.190 $м^1$ x 3.60 x 2 повторувања = 8.568,00 ден

**Вкупно: = 20.516,00 ден/ годишно**

**Се вкупно за одржување на јавно градско зеленило 122.792,00 ден/годишно**

## З. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

Согласно обврските на општините, предвидени во членот 12 став 2 од Законот за јавна чистота, потребно е обезбедување на локации и изградба на јавни санитарни јазли. Во Деталниот урбанистички план за градот Демир Хисар предвидена е една локација наменета за изградба на јавен санитарен јазол која се наоѓа во близина на зелениот пазар во Демир Хисар. Покрај оваа локација се смета за потребно предвидување на уште една локација за изградба на санитарен јазол кај спортско рекреативниот комплекс на игралишта.
Општина Демир Хисар согласно Програмата за 2009 година, изработи техничка документација за изградба на јавен санитарен јазол за локацијата во близина на зелениот пазар.
Потребните финансиски средства за изградба на санитарниот јазол согласно изработените предмер и пресметка во техничката документација ќе треба да се обезбедат од надлежните Министерства или фондови, поради неможноста тие да се обезбедат од буџетот на општината.

## Ѕ. ПОСТАВУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ САДОВИ ЗА ФРЛАЊЕ НА ОТПАДОЦИ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ И НА ОТВОРЕНИТЕ ПРОСТОРИ ПРЕД ЈАВНИТЕ ОБЈЕКТИ

Корисници или сопственици на јавни објекти се должни заради редовно одржување на јавната чистота во дворните површини надвор од објектите да обезбедат и постават садови за фрлање на отпадоци.

За одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти во државна, односно општинска сопственост, општината има писмено барање до Министерството за животна средина за обезбедување на садови за отпадоци, кои ќе бидат соодветно поставени на места определени за таа намена.

Во соработка со ЈКП "Комуналец" ќе биде изработен графички приказ на досега поставените канти и контејнери во градот Демир Хисар, и ќе бидат предложени места за поставување на нови контејнери и канти за отпадоци.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

**А. Чистење на јавни сообраќајни површини ............. 490.841,00 ден**
**Б. Миење на улици ........................................................ /**
**В. Чистење на снег од тротоари ................................. 65.280,00 ден**
**Г. Одржување на хигиена на планински**
**регулациони канали ........................................................ 33.120,00 ден**
**Д.Собирање и однесување на угинати**
**животни до одредени јами ............................................ 18.187,00 ден**
**Ѓ. Поставување и сметнување на знамиња**

**за државни празници ........................................................ 84.960,00 ден**
**Е. Поставување на светлечки украси**
**пред новогодишни празници .......................................... 44.000,00 ден**
**Ж.Одржување на јавно зеленило .................................. 122.792,00 ден**
**З. Обезбедување на јавни санитарни јазли ................. /**
**Ѕ. Поставување на садови за отпадоци ......................... /**

---

**Вкупно: 859.180,00 ден/год**
**ДДВ 5% 42.959,00 ден**
**Се вкупно: 902.139,00 ден**

## ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Потребните средства за финансирање на работите предвидени во Програмата ќе бидат обезбедени од:

| Ред.бр. | Извор за финансирање | Износ (денари) со додаден ДДВ 5% |
|---|---|---|
| 1. | Од корисници на услуги:<br>-домаќинства:<br>-правни лица: | <br>337.764,00<br>564.375,00 |
| 2. | Буџет на општината | |
| 3. | Од прекршочни казни<br>(општокорисна работа) | |
| 4. | Од донации<br>(контејнери, канти за смет) | |
| | **Вкупно:** | **902.139,00 денари** |

**Бр. 07-959/15** — **Совет на Општина Демир Хисар**
**24.12.2014 година** — **Претседател**
**Демир Хисар** — **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Демир Хисар за 2015 година донесена на 27-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.12.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 980/13** — **Општина Демир Хисар**
**26.12.2014 година** — **Градоначалник**
**Демир Хисар** — ***Љупчо Блажевски с.р.***

**286.** Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 ), член 84 од Законот за градежно земјиште (,,Сл.весник на РМ,, бр. 17/11; 53/11 и 144/2012 и измените на Законот), Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост (,,Сл.весник на РМ,, бр.38/2011и 75/2012), член 43 став 1 точка 17 од Статутот на општина Демир Хисар (,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02 ), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 24.12.2014 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Демир Хисар
## за 2015 година

Уредување на градежно земјиште во смисла на овој Закон е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација до градежната парцела.

Планирањето, проектирањето и изведувањето на инфраструктурата се врши според урбанистички планови, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно, а го вршат општините врз основа на Програма за уредување на градежно земјиште. Ова уредување општината го врши преку јавно претпријатие, трговски друштво или друго лице кое има овластување за вршење комунална или јавна услуга согласно Закон.

Како можност при уредување на градежното земјиште не е исклучено и јавното приватно партнерство, почитувајќи ги при тоа принципите на транспарентност, јавност и еднаквост на учесниците. Кога уредувањето на земјиштето се врши преку учество на приватен партнер истиот има право на враќање на вложеното на начин на кој ке го договори со општината. Во вакви случаи опремата, објектите и инсталациите преминуваат во сопственост на општината или јавното претпријатие кои склучуваат договор со приватниот инвеститор за условите и начинот на враќање на инвестицијата, пред да започне изградбата на инвестицијата.

Општините при уредување на градежното земјиште, согласно чл.84, точка 5 од Законот за уредување на градежно земјиште, со Решение воспоставуваат односи на присилна комунална службеност заради поставување на инфраструктурен објект.

**Содржина на Програмата за уредување на градежното земјиште :**

1. Простор кој е предмет на уредувањето
2. Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште
3. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура
4. Извори за финансирање на Програмата
5. Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште
6. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба
7. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата
8. Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на техничка документација за градење на инфраструктурни објекти
9. Динамика на извршување на Програмата
10. Објекти на инфраструктура од јавен интерес на РМ и оцена за нивното влијание врз животната средина и природата согласно со Закон, што ги финансира РМ, односно инвеститорот на кого земјиштето му го оттуѓила РМ
10. Преодни и завршни одредби

### 1. Простор кој е предмет на уредувањето

Како простор кој е предмет на уредувањето се смета, изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општината Демир Хисар, утврдено со Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план за вон населено место, Локална урбанистичка документација, проект за инфраструктура и општите акти со кои се уредува изградбата во селата кои немаат урбанистичка документација.

### 2. Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште

Со овој дел се утврдуваат работите што го сочинуваат обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште.

Подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:
- Изработување на Урбанистички планови и Проекти за изградба на комунална инфраструктура.
- Обезбедување на геодетска документација, подлоги и елаборати
- Изработка на елаборати за експропријација за изградба на објекти од комунална инфраструктура
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотите
- Програмирање на уредувањето

**3. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура**

Опремувањето на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации опфаќа две подгрупи:

1. Опремување на земјиштето со објекти од основна инфраструктура, предвидени со УП од заедничко користење од локално значење.

Опремување на земјиштето со објекти од заедничко користење опфаќа:
* основни градски сообраќајници (магистрални и собирни, тротоари и пешачки површини и, зеленило).
* генерални водови за довод на вода до населбите, филтерски станици и други водоснабдителни објекти
* генерални водови за одвод на отпадни и атмосферски води, пречистителни станици и други хидротехнички објекти
* електрична мрежа и трафостаници до 10кв
* ТФ мрежа

2. Опремување на земјиштето со објекти од секундарна инфраструктура, опфатени со ДУП, УПС, УПВНС и ЛУПД од индивидуално користење на објектите од локално значење.

Опремување на земјиштето со објекти од индивидуално користење опфаќа:
*Сообраќајници (сервисни, станбени, и индустриски улици, како и некатегоризитаните сообраќајни површини: пристапни улици, пешачки улици и патеки и јавни паркиралишта)
* Атмосферска и фекална канлизација
* Водоводна мрежа
* Електрична нисконапонска мрежа и улично осветление

Средствата за проектирање и изградба на објектите од точка 3.1.и 3.2. се обезбедуваат од сопствени извори, од трансфери од централна власт, домашни и странски донации, самопридонеси и други извори на средства.
* Уредување на локацијата спрема изготвениот проект, пристапите во објектот од улица до влезовите во објектот, партерно уредување, приклучоците на објектот до приклучните места на секундарната мрежа: водовод, канализација, ел.мрежа, паѓаат на терет на градителот, затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат во негова сопственост.

Доколку има претходно изградени инсталации во склоп на градежната парцела на која е изградена градбата и е потребно нивно изместување или нивна заштита, трошоците што ќе се направат паѓаат на товар на градителот.

За новоформираните парцели трошоците за изместување на инсталациите паѓаат на товар на носителот на правото за уредување на градежното земјиште.

**4. Извори за финансирање на Програмата**

Уредувањето на градежното земјиШте се финансира од средства остварени од надоместоците за уредување и од други средства.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште претставува износ кој што корисникот на земјиштето, односно градителот го плаќа пред да добие одобрение за градење.

Од средствата остварени од надоместокот за уредување на градежното земјиште и од други средства утврдени со Програмата за уредување на грдаежното земјиште се финансираат подготвителни работи, расчистување и опремување на грдаежното земјиште, а во согласност со Програмата за уредување на градежното земјиште.

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2015 година се финансира преку следните извори на средства:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на станбени, јавни, деловни, производни објекти и вклопување на бесправно изградени објекти | **2.700.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Комунална такса за јавно осветлување - дел | **2.260.000,00** |
| 3. | Комунална такса за користење на улици при регистрација на возила | - |
| 4. | Надомест од комунална дејност - прекопи | - |
| 5. | Дозволи за вршење на бизнис | - |
| 6. | Трансфер од буџет на фондови | **3.970.000,00** |
| 7. | Капитални трансфери до други нивоа на власта | **15.150.000,00** |
| 8. | Комунална такса за користење на простор пред деловни објекти | - |
| 9. | Комунална такса за реклами, објави, огласи | - |
| 10. | Комунална такса за користење на музика во локали | - |
| 11. | Комунална такса за привремен престој | - |
| 12. | Комунална такса за истакнување на фирми и реклами | - |
| 13. | Комунална такса за користење на плоштади | - |
| 14. | Други комунални такси | **903.000** |
| 15. | Данок на имот | - |
| | | |
| 16. | Надомест за концесии | **3.100.000,00** |

**вкупно приходи: 28.083.000,00**

**5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Во 2015година со оваа Програма ќе бидат опфатени повеќе локалитети во градот и тоа:
- локалитети на кои ќе се регулираат обврските од претходните години
- локалитети на кои се отпочнало со градба во 2014 година
- локалитети на кои Ќе се врШат припремни работи за објекти кои Ќе се градат во наредните години

Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши во зависност од динамиката на приливот на средствата, во обем и степен предвиден со оваа програма преку следните подпрограми:

**Ј3 - Јавно осветлување**
**Ј4 – Јавна чистота**
**Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта и улици**
**Ј8 - Други комунални услуги**
**ЈА - Изградба на јавно осветлување**
**ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**
**ЈГ - Изградба, реконструкција и доизградба на системи за водоснабдување**
**ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**
**ЈФ - Сообраќајна сигнализација**

**JN - Urbana oprema**

**LA - Detski igrali[ata**

**Ф1 - Урбанистичко планирање**
**ГА - Изработка на комерцијални објкти**
